Бр. [illegible] 4502
8 SEP 2011

# ДОГОВОР

- за уредување на начинот и условите за предавање и откуп на отпадни акумулатори и батерии согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори -

Склучен помеѓу:

1. **ГД ГРАНИТ АД**, ул.Димитрија Чуповски 8, 1000 Скопје, во натамошниот текст: **Краен корисник** и
2. **Д.П.Т.У. Редика Еко Старт ДОО експорт-импорт Скопје**, ул.Лептокова бр.44/1 Скопје, во натамошниот текст: **Постапувач** со отпадни батерии и акумулатори

Член 1

Предмет на овој договор се начинот и условите под кои ќе се врши собирање, предавање и откуп на отпадни оловни батерии и акумулатори помеѓу договорните страни.

Член 2

Крајниот корисник се обврзува да го организира и обезбеди собирањето, транспортот и предавањето на целокупната количина на отпадни оловни батерии и акумулатори, создадени во вршење на сопствената дејност, до производниот погон на постапувачот со отпадни батерии и акумулатори.

Истовремено крајниот корисник се обврзува навремено да го извести постапувачот со отпадни батерии и акумулатори за денот на предавањето на собраната количина на отпадни оловни батерии и акумулатори со официјално писмо испратено по електронска пошта (e-mail).

Постапувачот со отпадни батерии и акумулатори, по претходно известување од страна на крајниот корисник, има обврска да го организира приемот, складирањето и третманот на целокупната количина на отпадните оловни батерии и акумулатори во сопствениот производен погон и да ја плати цената за откуп на истите која како таква е определена со овој Договор врз основа на фактура издадена од Крајниот корисник.

Член 3

Постапувачот со отпадни батерии и акумулатори се обврзува да го организира приемот на отпадните оловни батерии и акумулатори најдоцна во рок од 48 часа од приемот на известувањето за предавање на отпадните батерии и акумулатори добиено од страна на крајниот корисник.

Член 4

Откупната цена на предадената количина на отпадни оловни батерии и акумулатори ќе се утврдува на месечно ниво по следната методологија:

- 30 % од просечната берзанска цена (London Metal Exchange) на оловото за претходниот месец / kg, во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на фактурирање.

Утврдената цена за откуп на отпадните оловни батерии и акумулатори ќе се наплаќа по доставена фактура од страна на крајниот корисник за соодветната количина на преададени отпадни оловни батерии и акумулатори во тековниот месец.

Член 5

Фактурираниот износ постапувачот е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на фактурата.

Член 6

Овој договор договорните страни го склучуваат на неопределено време и истиот може да се раскине спогодбено или еднострано во случај на непочитување на одредбите од истиот од било која од договорните страни.

Член 7

За се што не е регулирано во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

Член 8

Договорните страни се согласни евентуалните спорни прашања да ги решаваат спогодбено, а ако тоа не е можно тогаш спорот ќе се решава пред Основниот суд во Скопје.

Член 9

Овој договор е составен во 4 еднообразни примероци, од кои по 2 за секоја од договорните страни.

Во Скопје, на ден 16.09.2011 година.

| | |
|---|---|
| Краен корисник, | Постапувач, |
| ГД Гранит АД - Скопје | ДПТУ Ропиа Еко Старт ДОО Скопје |